ЉУБЕН ЛАПЕ

# ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

На денешен ден, токму пред 50 години, го изгуби македонскиот народ, особено градот Прилеп, својот сограѓанин Ѓорче Петров, човек чие што име, дело и мисла се неразделно поврзани со создавањето, растежот и трагичната судбина на Тајната македоно-одринска револуционерна организација.

Силен и надарен интелект, иако само со шесткласно гимназиско образование, Ѓорче Петров во текот на целиот свој живот ќе ги осмислува и трасира патиштата на нашето национал-револуционерно движење, ќе ја изградува неговата идеологија и неговите принципи, ќе ги систематизира нив во неговите статути и правилници, ќе ги популаризира преку легалниот и нелегалниот печат и ќе ја брани самостојноста на македонското национал-револуционерно движење од бројните внатрешни и надворешни непријатели за да падне во таа одбрана како нивна најскапа жртва.

Нема во нашата национална историја поупорен и понеотстаплив борец за независноста на македонското национал-револуционерно движење во сите фази од неговата превратна судбина. Од првиот ден кога стапил во него 1894 год., до последниот ден кога со насилната смрт на 28 јуни 1921 година бил истргнат од него, Ѓорче Петров им останал до крај верен на своите идеи.

Од редицата борци и негови другари по идеја: Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев, Петре Поп Арсов, Јане Сандански и др., нему му беше судено да го надживее скоро најголемиот дел од нив и да остане најдолго време ангажиран на поприштето на борбата за ослободувањето на својот народ и земја од сите нејзини внатрешни потисници и надворешни лакомци за разделувањето на нејзините богатства.

Не може да се разбере и следи Ѓорчевата разновидна и богата аткивност како просветен работник, идеолог и организатор на Тајната македоно-одринска револуционерна организација, како правен кодификатор на нејзините принципи и прв нејзин дипломат, како сјаен публицист и човек со научни потфати на полето на гео-

---

Реферат читан на Академијата во Прилеп посветена на 50-годишнината од смртта на Ѓорче Петров, објавен во зборникот на трудовите од собирот.

графијата и етнографијата, како најран историограф на македонското национал-ослободително движење, ако во куси црти не се изложи неговиот животен пат и конкретната средина во која растел, се движел и дејствувал.

Роден во денешното прилепско предградие Варош околу 1865 или 1866 година од неодамна преселениот, од село Тројаци, Петре Николов и мајка варошанка Злата Тоскова, Ѓорче Петров го завршил основното образование и долните класови на гимназијата во Прилеп и Битола, а трите горни класа во Солун. Поради испраќањето на тајни дописки во бугарските везници против језуитските постапки на егзархиските училишни власти во тогашната солунска гимназија, како и поради подбуцнувањето на своите другари од класот на училишен штрајк, бил исклучен од Солунската гимназија заедно со уште 12—13 другари. По краткиот престој во Пловдив се вратил во Македонија за да стане наставник во Штип од 1885 до 1887 год., па коректор во печатницата на Коне Самарџиев во Солун 1888 год., пак наставник во Скопје од 1888 до 1891, потоа наставник во Битола од 1891 во 1895 и најпосле професор во солунската гимназија од 1895 до 1897 година.

Тогашните услови на распаѓање на турскиот полуфеудален систем во Македонија и доживеаните неуспеси во востанијата во текот на позната Руско-турска војна, од 1877 до 1878 година, особено настанатото силно бунтовничко раздвижување во Прилепско со јуначките подвизи на Спиро Црне, браќата Чакревци, Димо Дедото и други прилепски борци против османската потисничка власт, морале да остават длабоки траги во душата на младиот Ѓорче и да ги зацртаат првите сфаќања за нужноста од борбата против турските неправди. Од друга страна и засилената пропагандна активност на соседните балкански монархии, кои преку училиштата и црквите дејствувале врз поделбата на Македонија и нејзиното потчинување не помалку болно се одразиле врз младиот Ѓорче што се гледа од неговата загрижена дописка во весникот „Балкан" од 22 март 1883 година: „Ништо утешно од пеливанскиот плоштад како што ја крстија оправдано бедна Македонија! Секој ден, секој час разни пропагандисти по неа, едни од други поенергични, поадвокати и поголеми лажливци"[1]. Во овие и во ваквите услови Ѓорче морал да дојде до спасоносната идеја дека единствениот пат за ослободување од турското ропство и од апетитите на странските монархии е да се организира македонскиот народ на револуционерна борба и систематски да се подготвува за своето ослободување. Оттука и патот на раниот ученички бунтар од Солунската гимназија и првиот организатор на еден таен комитет во Штип, што се распаднал поради незрелите услови, го водел Ѓорчета кон сосема природното вклучување во редовите на туку што формираната Тајна македоно-одринска револуционерна организација во Битола и при неговото преместување во Солун, го искачува брзо и до врвното место на Организацијата, до нејзиниот Централен комитет.

---

[1] Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело. Приредил д-р Гане Тодоровски, Скопје 1971, стр. 9.

Пред да се посвети на револуционерното дело, пред да ја даде клетвата за верно служење на македонскиот народ до крајот на својот живот, Ѓорче ѝ дал на македонската наука виден придонес со своето волуминозно дело од 743 страници под скромен наслов „Материјали по изучванието на Македонија“, објавено 1896 год. како плод на неговите неуморни географско-етнографски испитувања, вршени на самиот терен на Македонија. Нашата географска наука допрва треба да ги оценува неговите научни квалитети и достоинства изложени во ова прекрасно и ретко дело.

Уште како наставник и училишен инспектор на битолските училишта во градот и околијата, Ѓорче Петров ги пројавува за прв пат своите способности на неуморен агитатор и пропагатор на револуционерните идеи на Тајната организација, прво меѓу битолските младинци и занаетчии во градот, потоа меѓу самите селани надвор од него. Од неоценливо значење е неговото ангажирање во издавањето на првиот нелегален весник во Организацијата за Битолскиот округ под борбениот наслов „На оружје“! со што Ѓорче ги направи во овој домен на идеолошката активност првите посериозни чекори за внесување револуционерна свест и правилна ориентација во градските и селските маси за вооружената револуција.

Во својство на член на Централниот комитет на Организацијата во Солун, Ѓорче Петров зел учество во 1896 год. на нејзиниот втор конгрес. Поверувањето нему и на Гоце Делчев заедно да го изработат новиот статут и правилник на Организацијата и истовремено испраќањето во Бугарија за да организираат ново тело на Централниот комитет, така нареченото Задгранично претставништво, со задача да ја преставува Организацијата пред надворешниот свет, да ги брани нејзините интереси од сите надворешни напади како и да ги задоволува нејзините потреби во оружје, револуционерна литература и др., говори за високата доверба кон двајцата нејзини нови членови, кои оттогаш станале и неразделни другари. Од овој момент, Ѓорче Петров ја напуштил за секогаш просветната рабвата за да ѝ се посвети наполно на револуционерната активност.

Шестгодишниот престој во Бугарија, во својството член на Задграничното претставништво, е еден од најнапрегнатите, но истовремено и најплодните периоди во Ѓорчевата активност. Токму во овој период Ѓорче се пројавува како вешт дипломат, блескав публицист, идеолог и теоретичар на македонската револуција.

Острата потреба на Организацијата да ги снабди своите членови со оружје, го принудила Ѓорче Петров во тоа време да го искористува решението на бугарската влада за отфрлање на застареното оружје и заменување со поефикасно, поради што можело, за ефтини пари да се добијат застарените пушки за Македонија. Илузијата дека, покрај добиените пушки, ќе може да ги добие и неопходните куршуми од бугарската буржоаска влада го натерала Ѓорчета да се откаже од понатамошните настојувања и да се ориентира на спасоносната мисла за самонаоружување на Организацијата со свои пари и средства, дури и до создавање на своја сопствена бомболеарни-

ца покрај турската граница во Ќустендилско. Таму, покрај Гоце, како нејзин организатор работел и Ѓорче Петров.

Ѓорче вложувал посебни настојувања за искористување на ослободителното дело и за преориентација во работата на бројната македонска емиграција во Бугарија и Романија. Да се активира таа во полза на македонското ослободително дело, да се земе раководството на таа емиграција, собрана повеќе околу Врховниот македонски комитет и да се ориентира само на материјално помагање на македонското ослободително дело во лицето на Внатрешната македонска революционерна организација, чии што претставник бил Ѓорче, биле намерите што ја апсорбирале секојдневно неговата активност. Постигнатиот успех, изведен во соработка со, навидум искрените млади бугарски офицери на чело со Борис Сарафов, бил краткотраен и проследен со контраатака на бугарскиот двор и неговото орудие-генералот Иван Цончев. Овој не само што го изместил раководството со кое соработувале задграничните претставници, туку и на два пати го отерал во затвор и интернација Ѓорчета Петров.

Својот престој во Бугарија Ѓорче го искористувал да даде придонес и на друго поле. Зголемениот прилив на нови пресни сили во веќе прилично раширената мрежа на Организацијата во Македонија ја наметнувала потребата од нивното изградување во силни, смели и свесни борци на македонската револуција, борци готови да поднесат секакви измачувања и жртви за слободата на својата народ и земја. Ѓорче располагал со извонредна смисла за пишување и за агитација, сјајно докажана во издавањето на нелегалниот весник „На оружје"! во Битола и продолжена во другиот таков нелегален весник „Востаник" во Солун. И навистина само 8 месеци по своето пристигнување на новата должност — задграничен претставител, Ѓорче се зафатил со издавањето на весникот „Бунтовник" од 1898 до 1899 година во тираж од 1.000 примероци. Сам ги пишувал своите статии во него, сам растурал 40 примероци од нив по свои пријатели за да ги извади трошоците за печатење, а останатите 960 примероци ги праќал во Македонија преку тајните канали на Организацијата за растурање по окрузите и околиитена истата. Со својот пристапен јазик и пишување да може и најпростиот работник и селанец да го разбере; со раскривањето на сите дотогашни лаги на турскиот султан за некакви реформи за подобрување на животните услови на македонскиот роб; со укажувањето дека ропството се должи пред сѐ, на самиот роб и дека кога ќе престане робот во душата своја да се чувствува таков, ропството ќе исчезне само по себе си; најодзади, со извлекувањето посебни и конкретни примери на покажана и беспримерна храброст и преданост на делото на револуцијата, особено со акцентирањето на прилепскиот настан со учителот Стојан Лазов кој во борбите против турскиот шпион го жртвувал својот живот и ја истргнал од Ѓорчета карактеристиката за „Стојановата душа како одраз на револуционерна Македо-

---

[2] Ѓорче Петров, цит. дело, стр. 64.

нија и огледало на секој вистински револуционер“[3], Ѓорче Петров го подготвувал и психолошки Македонецот за одлучниот бој. Токму една статија под истиов наслов во неговиот весник „Бунтовник“ со својата насоченост дејствувала на македонскиот читател да го загрее за пресудниот чин на револуцијата т. е. за бојот, кога вели: „Славно нешто е бојот! Во него човекот се менува многу. Ти нема да останеш каков што си сега, израснуваш мигум, стануваш великан, духот ти станува горд, волјата ти се закрепува, расудувањето се избиструва, а целиот стануваш бодар и непоколеблив ... самиот се прашуваш: Јас ли сум? Го сожалувам тој што не учествувал во бој! — продолжува Ѓорче. Тој никогаш не ќе има поим за величието на човекот, за неговата мисија на земјата“[4]... итн. итн. Сè во овој дух и насока го подготвувал Ѓорче македонскиот роб за крвавата расправија.

Но и самиот Ѓорче Петров водел голема борба не само преку печатот, туку и со други разни средства против орудијата на бугарскиот двор и влада кои дејствувале да ја уништат самостојноста и независнота на македонското национал-ослободително движење и Македонија да ја вклучат во рамките на бугарската држава. Во борбата против врховистите и нивните махинации Ѓорче петров напишал повеќе статии, а особено една подолга расправа под наслов „Македонското-ослободително дело на бугарската почва“ во кое дело на сјаен начин ги раскринкал сите нивни планови и потфати поради што, како што веќе еднаш се спомна, беше на два пати затворан и интерниран во Бугарија. Токму тогаш престанал и неговиот мандат во задграничното претставништво, но не и неговата борба против сè поупорните настојувања на врховизмот да го заграби раководството на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација.

Решението на Централниот комитет во Солун од месец јануари 1903 год. за кревање предвремено востание, не само што енергично го одбил туку и до последниот момент докажувал дека ќе му се нанесе огромна пакост на македонскиот народ што недоволно подготвен со оружје и во неповолни надворешни услови се наговара да се крене на востание. Наспроти стратегијата за кревање на неподготвеното востание Ѓорче Петров истапил со своја теорија за напуштање на дотогашното пасивно држење на четите и преминување кон една поголема активност, која би се доближила до востание, но без да се објавува тоа. Оваа политика на делумна активност, според Ѓорче Петров би ги прекалила четите и градските елементи и кога би се практикувала неколку години би ги растресла темелите на Турската империја, која би паднала како зрела круша од постојаните потреси на Организацијата. Откако не успеал ни тој, ни неговиот другар Гоце Делчев да го отклони решението за кревање на востание другиот ден по неговото објавување, т. е. на 3 август 1903 год. и самиот со прилично голема чета составена од македонски печалбари во Бугарија ја преминал турската граница,

[3] Ѓорче Петров, цит. дело, стр. 67.

за да ја подели судбината на востанатиот народ во својот роден Прилепски крај. Пламениот агитатор и публицист го заменил перото, во овие бурни илинденски денови, со пушката и како востаник зел учество во познатата крвава битка на мариовскиот терен кај Чаништа и во други поситни акции. Останувајќи во Македонија, цела година по востанието, да ги средува приликите по доживеаната катастрофа Ѓорче Петров активно учествувал и на Прилепскиот подвижен конгрес за целиот Битолски округ, одржан во прилепските села од втората половина на мај до крајот на месец јуни 1904 година. Согледувајќи ги недостатоците на организацискиот механизам на теренот и во праксата, Ѓорче Петров заедно со Пере Тошев остро истапил против дотогашната централизација во Организацијата, заземајќи се за неодложно воведување на изборност на сите тела во Организацијата, како не би се повторил случајот со вовлекувањето на луѓе од типот на Иван Гарванов. Преработувајќи го, заедно со Груев, стариот правилник на Организацијата во духот на предложените измени и составувајќи уште два правилника, еден за уредбата на Месниот комитет во Велес и неговата околија, друг за градските и селските организации и нивните меѓусебни односи во Воденско, Ѓорче Петров ги покажал уште еднаш извонредните квалитети на сјаен кодификатор на статутарните документи на Организацијата како целина и нејзините потчинети градски и селски комитети посебно.

Извонредно важна е неговата предводничка улога во подготвувањето, идеолошкото насочување на целите и задачите на борбата во новонастанатите услови по Илинденското востание, како и неговиот придонес во победата на левото крило на Организацијата на општиот конгрес одржан во Рилскиот манастир во 1905 година. Неговата објавена статија под наслов „Мисли за револуционерната борба во Македонија и Одринско", а особено неговата значајна студија на тема „Македонското ослободително дело. Цел, средства и задачи", колку што даваат значаен осврт на изминатиот пат и на македонското слободително дело и ги сумираат неговите резултати, уште повеќе е значајна што ги трасираат во новите услови целите, задачите и средствата на борбата што ќе го доведат до неговиот успешен крај. ',Ние треба да се чуваме од секакво директно или индиректно мешање во нашите работи на која и да било држава, колку поради опасноста на лоши толкувања однадвор, толку и од гледиштето на нашата идеологија. Особено треба да бидеме претпазливи и внимателни во односите кон официјална Бугарија зашто таа е трн во очите на сите заинтересирани за нашето прашање и за нашата борба, а за самите нас таа, пред сите други држави, може да стане волк, кој влегол во нашата кошара", предупредувал Ѓорче Петров во 1905 година во оваа студија за целите, средствата и задачите на македонското ослободително дело[5]. Воопшто, Ѓорче Петров е еден од малкуте основачи и водачи на македонското нацио-

---

[4] Г. Петровъ, Македонско освободително дело (Цел — средства — задачи). Сп. Македонски прегледъ, Год. I (1905) № 5, стр. 72.

нално ослободително движење што имал јасна претстава за патиштата по кои требало да се движи македонското ослободително движење во сите новонастанати услови и промени.

Младотурската револуција од 1908 година, со нејзините шумни пароли за слободата, еднаквоста и братството, го затече Ѓорчета во Бугарија. Тој ја примил со радост успешно изведената револуција и наеднаш заминал за Македонија за да ги исползува нововонастанатите услови и да се ангажира за подобрување на положбата на македонскиот народ. Прокламираната слобода на зборот, говорот и печатот му дала можност заедно со писателот Антон Страшимиров да го покрене списанието „Културно единство" во Солун и да укажува во своите статии на основните нерешени проблеми во Македонија, застапувајќи се за нивното неодложно поставување и решавање. Со статијата „Чифлигарството во Прилепско" Ѓорче укажуваше на лошата материјална положба на до гуша задолжените селани кај лихварите и градските кредитори, тврдејќи дека „Ретки се селаните што можат да ги приберат во амбарот производите на својот годишен труд и да располагаат со нив соодветно на своите интереси. Обично, нивниот дел од земјоделските производи им гоземаат лихварите и кредиторите веќе на гумно". Уште покатегоричен бил во барањата да се сопре безочната експлоатација над беззаштитениот и бедниот работник од страна на лихварите и разните агенциски компании ,кои ги ограбувале нашите гурбетчии и преселеници во тоа време. Застрашувачката појава на емигрирање од Македонија во Америка и нејзините страшни последици од обезлуѓување на Македонија ги обработил во другата статија под наслов „Емигрантското движење за Америка во Македонија", упозорувајќи на тоа дека „Општествените дејци и установи (во Турција — б. м.) ќе изостават едно од своите големи задолженија во општеството, ако не се заинтересираат за тоа прашање и ако не им подадат рака за поткрепа на овие несреќници во нивната самозаштита".[6]

Краткотрајниот период на уставната слобода во Македонија, заменет со трагичните години на Балканските и Првата светска војна, во кои Македонија станала крваво боиште и касапница на војските од соседните монархии и европските држави, ја оневозможиле политичката активност на Ѓорчета. Мобилизиран во државниот апарат на Бугарија, тој кратко време бил службеник во Битола и Драма. Одвај, по пробивот на Солунскиот фронт и по капитулацијата на бугарските војски, Ѓорче Петров заедно со левицата на македонското национално ослободително движење повторно ја раздвижиле бројната македонска емиграција во Бугарија и македонскиот народ во Пиринска Македонија да се бори за својата автономија. Формирајќи го Временото претставништво на Обединетата бивша внатрешна македонска револуционерна организација, Ѓорче Петров и Димо Хаџи Димов застанале на нејзино чело. За последен

[5] Ѓорче Петров, цит. дело, стр. 145, 154.

[6] Ѓорче Петров, цит. дело, стр. 161.

лат неговото умно перо во издадениот и уредуваниот од него и од комунистот Димо Хаџи Димов „Билтен“ ќе се обрнуваат од името на Времено претставништво до светската јавност и до одговорни државници и влади, до Мировната конференција во Версај и другите форуми, со меморандуми и петиции, во кои упорно ќе настојуваат да се исполни начелото прокламирано во 14-те Вилсонови точки за самоопределувањето на народите, за да се запази целоста и самостојноста на Македонија во формата на автономија. Не отстапувајќи од своите поранешни убедувања, Ѓорче Петров ги оформил барањата во следниве реченици: „Ние ја сметаме идејата за самостојна Македонија пред сè, како директна цел на нејзиното население и како најдозволен и најможен начин за примирување на принципот на самоопределувањето на народите со другите услови и сообразувања околу разрешувањето на македонското прашање“.[7] За жал исцеден и со упропастено стопанство во Балканските и Првата светска војна, расчеречен и поклопен од окупаторските војски на Антантата и соседните монархии, македонскиот народ не само што не нашол сили да го дигне гласот за праведно решавање на своето прашање, туку и повикот на бројната македонска емиграција од целиот свет не успеала да го стопи ледениот мраз на европската дипломатија. Версајската мировна конференција ја санкционирала тројната поделба на Македонија, а Временото претставништво на Обединетата бивша внатрешна македонска револуционерна организација се распаднало. Останат во Бугарија, Ѓорче Петров заедно со уште неколку други видни Македонци од Западна Македонија направил постапки кај југословенското претставништво во Софија за да се врати во својот роден град. Него и порано го влечела желбата кон својот роден крај. На пример, при изнесувањето на своите сеќавања за учеството во македонското национално-ослободително движење пред Љубомир Милетич во Софија уште во 1908 година, Ѓорче Петров му изјавил недвосмислено на Милетич: „Јас бев овде гостин (во Бугарија — б. м.) дојден да ги исползувам овдешните услови за делото, а за себе не се грижев. Знаев дека, штом ќе станам тука непотребен, штом ќе се почувствувам таков, наеднаш ќе најдам отворени гради во Македонија, каде што секогам сум бил со духот во својот дом. Овде јас никогаш не се чувствував толку домашен за да се слеам со овдешниов живот“.[8] За жал тогашните југословенски власти не му дозволиле да се врати во својот роден крај и тој бил принуден да ја дели нерадосната судбина на сите протерани и емигрирани Македонци во Бугарија. Заради нив и нивното сместување стапил на служба во специјално организирано одделение за сместување на македонските бегалци, каде го затекна злосторничката смрт во приквечерината на 28 јуни 1921 година на сред софиските улици од орудијата на бугарскиот двор и царската офицерска солдатеска зад којашто се криеше Тодор Александров.

---

[7] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, стр. 99.

Со својата долготрајна, скоро 35-годишна општествена активност на организирањето, револуционизирањето и подготвувањето на македонските народни маси за претстојната револуција против потисничката турска власт и разбивачките пропаганди на соседните монархии; со својата дипломатска вештина да ги ползува можностите за помош од бројната емиграција во Бугарија во полза на македонското ослободително дело без да отстапува од своите тврди принципи; со својата необична храброст дури од затворските келии да им пркоси на своите идејни непријатели од Врховниот комитет во лицето на неговиот водач — генерал Иван Цончев; со својата цврста намера по време на веќе кренатото Илинденско востание да ја премине цела Источна Македонија со своја чета и преку Вардар, да стигне, без да изгуби ни еден човек од таа чета; најодзади со своето учество во вооружената борба на македонскиот народ против далеку побројниот турски аскер во 1903 год. и другите борби сè до последните денови од својот живот, Ѓорче Петров се оцртува како колосален изразител на најдобрите традиции во македонското национално-ослободително движење, како еден од неговите најсилни идејни водачи и учители, како револуционерен демократ од највисок степен. Сумирајќи ги резутатите од борбените напори на својата генерација пред крајот на својот живот, Ѓорче Петров ќе ги напише следниве знаменити зборови: „Македонија, по своја иницијатива и по силата на својот живот, се оформи сама себе си во одделна морална единица, со своја специфична идеологија и со свој политички лозунг — обласна самоуправа која се мачеше да ја реализира со свои сопствени сили. Долгата и упорно нерамна борба, против турското политичко владеење под знамето на горниот лозунг, епските подвизи на безброј безимени дејци во редовите на Внатрешната револуционерна организација, нејзина рожба што високо рекламираат еден возвишен идеализам, голем духовен подем и силно политичко сознание на населението, ќе си го сочуваат засекогаш своето воспитно значење за поколенијата и ќе бидат во нив скапи историски спомени, кои ќе го крепат духот при евентуални несреќи"[9]. И не е ништо чудно што во најново време, кога се надвисна фашистичката опасност и несреќа над цела Европа и стигна до прагот на Москва, кога неговиот роден град даде сигнал за крвавата расправа со фашистичките окупатори и нивните слуги во Македонија, една чета од борците на Прилеп да го стави неговото име на своето знаме како симбол на цврстата решеност да се бори за извојувањето на својата слобода. Под името на Ѓорче дејствуваа, во текот на Народно-ослободителното движење и Народната револуција, видни партиски и партизански раководители. Подвигот на четата „Ѓорче Петров" кај манастирот Прилепец со восхит е одбележан кај Кузман Јосифовски — Питу во неговото писмо од 28.12.1942 год. до Благоја Талески, тогашен секре-

[8] Ѓорче Петров, цит. дело, стр. 164.

[9] ИНИ, Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941—1945, Скопје 1968, том I, кн. 2, стр. 50.

тар на Месниот комитет во Прилеп, со следниве зборови „Неодамнешниот подвиг на прилепската чета од одредот „Ѓорче Петров" покажа оти храбрите народни борци заслужиле нивната бојна група да го носи името на стариот борец и патриот Ѓорче Петров и на дело тоа го покажаа, кога решија до еден да изгинат, но да не паднат во рацете на крвавите слуги и на фашистичкиот непријател... Подвигот на Прилепската чета ќе го следиме! Храбрите другари ќе ги осветиме"![10] Во редица други прогласи, летоци, писма и др. документи од Народноослободителната борба и Народната револуција името на Ѓорче Петров се евоцира со голема почит редум со имињата на другите основоположници на македонското национално революционерно движење.[11] Во прогласот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија од ноември 1941 год. се повикува македонскиот народ да тргне по славниот пат на македонските великани, меѓу кои Ѓорче зазема едно од првите места.[12] Во прогласот на ЦК КПМ од месец јуни 1943 год. со кој се кани македонскиот народ да ги развие во полна мера своите внатрешни сили Ѓорче Петров, редум со Гоце Делчев, и др. борци од минатото е наречен со полно право „наш учител и првоборец за нашата национална слобода".[13]

Најпосле, кога веќе се ближеше ослободувањето на Македонија од фашистичките окупатори, во својот проглас ЦК КПМ од 4 август 1944 со несомнена гордост се обрнуваше до македонскиот народ, меѓу останатото и со следниве зборови: „Идеалите на твоите илинденски првоборци Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Сандански и др. остварени се".[14]

Ценејќи ги заслугите на нашите првоборци од нашето минато веднаш по ослободувањето на нашата земја од фашистичките окупатори, со името на Ѓорче Петров и во негова чест беше наречен најблискиот град до Скопје. Многу училишта и други културни установи со радост и денес го носат неговото заслужено име. Неговото име стои во нашата понова историја, неговиот светол лик влезе во нашата литература, театар и филм.

Новата генерација, која во слободната татковина може да се посвети на творечка и истражувачка работа на животниот пат и делата на Ѓорче Петров, не може да не констатира со гордост дека тој, покрај другите достоинства, пред сè е еден од врвните идеолози и организатори на македонското национално революционерно движење, дека тој е еден од сјајните агитатори и пропагатори на неговите идеи, како и еден од најсилните раководители и заштитници на самостојниот карактер на македонското национал-револуционерно движење.

---

[10] ИНИ Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија, том I, кн. 1, стр. 14, 60, 70, 87, 237, 239 и 242; том I, кн. 2, стр. 50, 150, 176; том I, кн. 3, стр. 357.

[11] ИНИ, Извори за ослободителната војна, том I, кн. 1, стр. 60.

[12] ИНИ, цитирано дело, том I, кн. 2, стр. 150.

[13] ИНИ, цитирано дело, Том I, кн. 3, стр. 357.

*LJUBEN LAPE*

# THE LIFE AND WORK OF GJORČE PETROV

## SUMMARY

The idealogist and organiser of the Macedonian national revolutionary movement — Gjorče Petrov was a man whose life and work are closely connected with the establishment, growth and tragic destiny of the TMORO.

Here, in this article the author gave a description of the life and work of this outstanding Macedonian revolutionary and ideologist.

From the first day when he joined the movement in 1894 to the last day of his death on June 28, 1921, Gjorče Petrov paid great attention to his ideals.

Gjorče Petrov was one the eminent ideologists and organisers of the Macedonian national revolutionary movement, one of the splendid organisers and propagators of his ideas, as well as one of the most powerful leaders and protectors of the independent character of the Macedonian national revolutionary movement.